# Лист со факти
## Ограничувања за пензиски уплати

Владата ги лимитира сумите што може да ги уплатите во “super”.

### Кој вид придонеси може да уплатувате?

Постојат два вида уплати што може да се направат за “super”:

1) **Пред данок или придонеси со попуст** опфаќаат Superannuation Guarantee, “salary sacrifice”, дополнителни придонеси од работодавци и самовработени лица (за кои може да се бара намалување на данокот). Придонеси пред данок се оданочуваат во самиот фонд по рамна стапка од 15%.
2) **После данок или придонеси без попуст** се придонеси издвоени од вашата плата откако данокот веќе бил платен според вашата маргинална даночна стапка. Тие вклучуваат придонес за сопруг/сопруга, личен придонес после данок и ослободениот од оданочување дел на некоја странска исплата префрлена на сметка на AustralianSuper.

### Кои се ограничувањата?

#### Придонеси пред данок

Годишен лимит од $25.000 по лице важи за сите придонеси пред данок, уплатени за “super”.

Членовите на возраст над 50 години во периодот од 1. јули 2007 до 30. јуни 2012 можат да уплаќаат до $50,000 во годината до 1. јули 2012, кога ограничувањето од $25,000 ќе важи за сите.

Уплатите над овие ограничувања ќе бидат оданочени по стапка од 46.5%.

Важно е да се напомене дека лимитот на придонеси пред данок се надмине, сумата над лимитот не само што ќе биде оданочена по стапка од 46.5%, туку исто така ќе биде пресметана во однос на вашиот лимит после данок.

#### Придонеси по данок

Годишен лимит од $150,000 важи за сите придонеси по данок.

Меѓутоа, ако сте помлади од 65 години, вие можете порано да уплатите придонеси после данок во износ за две години. Тоа значи дека може да уплатите до $450.000 во тек на три години без да го надминете лимитот.

Кога ќе дојдете на 65 години, вие ќе треба секоја година да задоволите еден работен тест, за да имате право да продолжите со плаќањето придонеси после данок. Според овие услови потребно е да сте работеле 40 часа за време од 30 последователни дена во секоја финансиска година.

Луѓето на возраст 63 и 64 години кои уплаќаат $450,000 не ќе мора да ги исполнуваат работните услови во двете години после извршените уплати.

Луѓето над 75 годишна возраст не ќе можат да прават уплати за пензија.

### Повеќе информации

За повеќе информации јавете се на AustralianSuper на **1300 300 273** или **www.australiansuper.com**

**Важна информација:** Овој документ е од општа природа и не ги зема предвид вашите лични цели, ситуација или потреби. Пред да донесете одлука во врска со AustralianSuper, проучете ги вашите финансиски потреби и прочитајте ја нашата Изјава за претставување на производ (Product Disclosure Statement) што можете да ја најдете на **www.australiansuper.com/tools** или ако се јавите на **1300 300 273**. AustralianSuper Pty Ltd ABN 94 006 457 987 AFSL 233788, Trustee of AustralianSuper ABN 65 714 394 898. Логото ‘Lifetime of difference’ е употребено со дозвола од Industry Fund Services (IFS) и оваа дозвола не е повлечена до датумот на оваа публикација